Општина Гевгелија

**Извештај**
**за реализација на Програмата за активностите**
**на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита**
**за 2024 година**

**Предлагач**: Градоначалник на општина Гевгелија

**Изготвувач**: Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт

јануари, 2025 година

Гевгелија

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**бр. 14-174/1**
**24.01.2024 год.**
**Гевгелија**

# И З В Е Ш Т А Ј
## за реализација на Програмата
## за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита
## за 2024 година

Согласно Законот за социјалната заштита, надлежноста на Општините од областа на социјалната заштита се реализира со Годишна програма за потребите на жените и мажите од областа на социјалната заштита. За таа цел, Советот на Општина Гевгелија донесе Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита за 2024 година на седницата одржана на 29.01.2024 година, со проектиран буџет за реализација на активностите во висина од **4.020.000 денари**.

**<u>1. Преглед на активности и нивна реализација</u>**

| | **Индикатори** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност 1** | **Подне-сени барања** | **Вкупен број родени деца** | | **Прво дете** | | **Второ дете** | | **Трето дете** | | **Седмо дете** | |
| **Еднократна парична помош за новороденче** | 138 | 138 | | 72 | | 58 | | 7 | | 1 | |
| | | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** |
| | | 67 | 71 | 31 | 41 | 29 | 29 | 6 | 1 | 1 | - |
| **вкупно средства за реализирање (Буџетска програма Д0-Градоначалник** | | **876.000 ден.** | | **432.000 ден.** | | **348.000 ден.** | | **84.000 ден.** | | **12.000 ден.** | |
| **исплатени средства:** | | **498.000 ден.** | | **264.000 ден.** | | **222.000 ден.** | | **12.000 ден.** | | **0 ден.** | |

Во текот на 2024 година, во Општина Гевгелија се поднесени 138 барања за исплата на еднократна парична помош за новороденче. Согласно изготвените решенија за исплата на еднократна парична помош за новороденче, во текот на 2024 година, се родиле 138 деца, од кои 67 женски и 71 машки. Од Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт за прввородено дете изготвени се 72 решенија за еднократна парична помош во висина од по 6.000 денари,

за второродено 58 во висина од по 6.000 денари и за третородено 7 решенија за исплата во висина од по 12.000 денари како и за седмородено дете 12.000 ден. Исто така, во 2024 година се изготви решение за прво новородено во тековна година, кој согласно Правилникот за доделување на еднократна парична помош, висината на паричната помош изнесува 20.000 денари.

Од подготвените 138 решенија за исплата, чиј вкупен износ е 876.000 денари, извршени се 82 решенија во вкупен износ од 498.000 денари. Односно 264.000 денари се исплатени за 44 првородени деца, 222.000 денари за второродени деца и 12.000 денари за третородено дете.

| | **Индикатори** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 2** | **Поднесени барања / корисници** | **Ж** | **М** | **вкупно средства за реализирање (Буџетска програма Д0-Градоначалник)** |
| **Еднократна парична помош на жители на општина Гевгелија** | 166 / 153 | 91 | 62 | **1.276.000 ден.**<br>**реализирани средства 684.000 денари** |

| **Индикатори** | | | |
|---|---|---|---|
| **Корисници на еднократна парична помош по категории** | **вкупно** | **М** | **Ж** |
| Невработени | 19 | 11 | 8 |
| Корисници на право на гарантирана минимална помош | 15 | 7 | 8 |
| Корисници на право на социјална пензија | 2 | 1 | 1 |
| Родители на лица со попреченост | 6 | 0 | 6 |
| Жртви на семејно насилство | 5 | 0 | 5 |
| Лекување | 102 | 40 | 62 |
| Материјално-необезбедени граѓани (пожар, ресоцијализација, граѓани кои не остваруваат право на пензија и сл.) | 4 | 3 | 1 |

Во текот на 2024 година, до Општина Гевгелија се доставени 166 барања за еднократна парична помош. Врз основа на поднесената документација, медицинска или потврда од надлежна институција за социјалната положба на барателот, на 153 лица, жители на општина Гевгелија, од кои на 91 жена и 62 мажи, од Оделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт им се изготвени Решенија за еднократна парична помош во висина од вкупно 1.276.000 денари.

Од вкупниот број решенија, исплатени се 103, во вкупна вредност од 684.000 денари, од кои 39.000 денари за невработени лица, 490.000 денари за лекување, 45.000 денари за лица приматели на гарантирана минимална помош, 30.000 денари за родители на деца со попреченост, 18.000 денари за лица жртви на семјено насилство,

23.000 денари за приматели на социјална пензија како и 39.000 денари на лица кои се нашле во положба на социјално односно материјална загрозеност.

| | **Индикатори** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 3** | **вк. број корисници** | **М** | **Ж** | **вкупно исплатени средства (Буџетска програма Д0- Градоначалник)** |
| **Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење на корисници на ГМП/ социјална пензија** | 27 | 16 | 11 | **111.472 ден.** |

Општина Гевгелија во 2024 година субвенционираше 27 лица, корисници на гарантирана минимална помош и социјална пензија, кои ја плаќаат сметката за вода што не надминува повеќе од 20 метри кубни месечно и тоа на 11 жени и 16 мажи, врз основа на доставено барање од ЈПКД „Комуналец"- Гевгелија за платената фактура.

| | **Индикатори** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 4** | **вк. број корисници** | **М** | **Ж** | **вкупно исплатени средства (Буџетска програма Д0- Градоначалник)** |
| **Парична помош за училишна екскурзија за ученици од III година во средното општинско училиште** | 3 | 1 | 2 | **59.670 ден.** |

Во 2024 година, Општината обезбеди финансиска помош во висина од 59.670 денари за три ученика во трета година во СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија, кои потекнуваат од социјално-ранливи семејства, за училишна екскурзија врз основа на доставен список на ученици од Училиштето, а исплатата се реализираше во март.

| | **Индикатори** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 5** | **вк. број корисници** | **Ж** | **М** | **издвоени средства (Буџетска програма Д0- Градоначалник)** |
| **Обезбедување новогодишни пакетчиња за деца чии родители се корисници на ГМП и лица со попреченост** | 59 | 25 | 26 | **35.566 ден.** |

Пред новогодишните празници, Општина Гевгелија традиционално за децата до 14-годишна возраст, чии родители се корисници на минимална гарантирана помош обезбедува новогодишни пакетчиња. Согласно доставениот список од ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа, беа поделени новогодишни пакетчиња на 46 деца од социјално-ранливи категории семејства, од кои 30 девојчиња и 16 момчиња. Покрај обезбедувањето новогодишни пакетчиња за дечињата чии родители се корисници на ГМП, Општина Гевгелија обезбедува новогодишни пакетчиња и за лицата со посебни потреби во Дневниот центар за лица со посебни потреби-


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk

Гевгелија. Притоа, новогодишни пакетчиња во Дневниот центар добија 13 лица, од кои 4 се женски, а 9 машки. Додека, за лицата со посебни потреби во Центарот „Мајка Тереза“- Гевгелија, Општина Гевгелија обезбеди новогодишен пакет – училиштен прибор. Пакетчињата и училишниот прибор беа набавени по пат на јавна набавка.

| | **Индикатори** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 6** | **вкупно** | **М** | **Ж** | **издвоени средства (Буџетска програма Д0- Градоначалник и Н1- Основно образование)** |
| **Обезбедување бесплатна храна во училиштата за учениците во социјален ризик** | 60 | 27 | 33 | **396.900 ден.** |

Учениците од социјално-ранливите категории во основните училишта на подрачјето на општина Гевгелија од 1 ноември 2023 година користат бесплатен оброк. Од 1.04.2024 година, мерката бесплатен оброк за учениците се реализира врз основа на склучен договор, за што претходно беше спроведена јавна набавка, чијашто вредност е 463.050 денари за период од 1 година. 60 ученика, чии родители се корисници на социјални услуги, по список добиен од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Гевгелија добиваат бесплатен оброк.

| | **Индикатори** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 7** | **вк. број корисници** | **М** | **Ж** | **издвоени средства (Буџетска програма Д0- Градоначалник)** |
| **Доделување стипендии на ученици** | 21 | 6 | 15 | **1.334.436 ден.** |

Општина Гевгелија, со донесени Одлуки на Совет на Општина Гевгелија и врз основа на распишан Конкурси за стипендирање студенти во академските 2019/2020, 2021/2022 и 2022/2023 година, 2023/2024 и 2024/2025 година стипендира 21 студент, запишани на Медицинските факултети (М- 2,  Ж- 15) и на Машинските факултети (М- 2) и Електротехничките факултети (М- 2) во државата. Висината на стипендијата изнесува 6.000 денари месечно, за 10 месеци.

| | **Индикатори** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 8** | **вк. број корис-ници** | **М** | **Ж** | **издвоени средства (Буџетска програма Е0- Општинска администрација)** |
| **Обезбедување превоз на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија** | 13 | 9 | 4 | **127.104 ден.** |

Општина Гевгелија го обезбедува превозот на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија. Вкупната бројка на корисници на оваа мерка беа 13 деца, штитетници на Дневниот центар за лица со посебни потреби во Гевгелија, од кои 9 машки и 4 женски.

| | **Индикатори** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 9** | **вк. број членови** | **М** | **Ж** | **издвоени средства (Буџетска програма Д0- Градоначалник)** |
| **Покривање режиски трошоци (електрична енергија, вода, интернет) и трошоци за сервисирање и регистрација на возило на Заедницата на инвалидски организации Гевгелија** | 233 | 112 | 121 | **12 мес. х 5.000 ден.**<br>**60.000 ден.** |

Општина Гевгелија во 2024 година ги субвенционираше режиските трошоци (електрична енергија, вода, интернет) на Заедницата на инвалидските организации во општина Гевгелија врз основа на доставени барања за исплата со месечни фактури.

| | **Индикатори** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 10** | **вк. број корис-ници** | **М** | **Ж** | **исплатени средства на логопеди (Буџетски програми Е0- Општинска администрација и V1- Детски градинки)** |
| **Превентивни активности, едукација и третирање проблеми во вербалната комуникација на деца** | 25 | 14 | 11 | **189.000 ден.** |

Во ЈОУ Работнички универзитет „Кирил и Методија"- Гевгелија и во 2024 година продолжи бесплатната услуга за деца за превентивни активности, едукација и третирање проблеми во вербалната комуникација за што се ангажираше еден логопед кој спроведуваше групна, индивидуална и окупациска терапија за отстранување на говорните оштетувања кај децата. Мерката ја користеле 25 дечиња, од кои 14 момчиња, а 11 девојчиња.

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">Индикатори</td></tr>
<tr><td>Активност 11</td><td>Лични асистенти</td><td>М</td><td>Ж</td><td rowspan="3">Издвоени средства (Буџетска програма Д0 Градоначалник)</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Лична асистенција на лица со попреченост</td><td>14</td><td>1</td><td>13</td></tr>
<tr><td>вк. број корисници</td><td>М</td><td>Ж</td></tr>
<tr><td>19</td><td>6</td><td>13</td><td>Нема финансиски импликации</td></tr>
</table>

И во 2024 година, на подрачјето на Општина Гевгелија се реализираше услугата лична асистенција на лица со попреченост, чиј давател на услугата е ОО Црвен крст- Гевгелија. Ангажирани беа 14 асистента (1 е маж, а 13 се жени) за 19 корисника (6 се мажи, а 13 жени) во општина Гевгелија. Согласно договорот, склучен помеѓу Општина Гевгелија и Министерството за социјална политика, демографија и млади услугата се даваше до крајот на август 2024 година. По аплицирањето за продолжување за давање на услугата и склучувањето управен договор, услугата се даваше до 31.12.2024 година, без обврски на Општина Гевгелија и под целосно финансирање на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## 2. Извршување на предвидениот буџет по активности

| **Активности** | **издвоени средства од Буџетот за 2024 година** |
|---|---|
| Еднократна парична помош за новороденче | 498.000 денари |
| Еднократна парична помош на жители на општина Гевгелија | 684.000 денари |
| Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење на корисници на ГМП/ социјална пензија | 111.472 денари |
| Парична помош за училишна екскурзија за ученици од III година во средното општинско училиште | 59.670 денари |
| Обезбедување новогодишни пакетчиња за деца чии родители се корисници на ГМП и лица со попреченост во Дневните центри за лица со попреченост | 35.566 денари |
| Обезбедување бесплатна храна во училиштата | 396.900 денари |
| Доделување стипендии на ученици | 1.334.436 денари |
| Обезбедување превоз на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби-Гевгелија | 127.104 денари |
| Покривање на режиските трошоци (електрична енергија, вода, интернет) и трошоци за сервисирање и регистрација на возило на Заедницата на инвалидските организации во општина Гевгелија | 60.000 денари |
| Превентивни активности, едукација и третирање проблеми во вербалната комуникација на деца | 189.000 денари |
| **вкупно** | **3.496.148 денари** |

Од вкупно проектираниот буџет за Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита за 2024 година во висина од 4.020.000 денари, се реализирале средства во висина од 3.496.148 денари.

* Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита за 2024 година е усвоен од Советот на Општина Гевгелија со Заклучок бр. 09-314/1 од 26.02.2025 г., објавен во „Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 04/25 г.